UDK. 902/904

МУЗЕЈ НА МАКЕДОНИЈА
АРХЕОЛОШКИ, ЕТНОЛОШКИ И ИСТОРИСКИ

# ЗБОРНИК

НОВА СЕРИЈА БР. 1, 1995

**АРХЕОЛОГИЈА**

*Никос Чаусидис*

## ОЛОВЕН АМУЛЕТ СО ИСПИШАНА МОЛИТВА ПРОТИВ "НЕЖИТ" ОД ГРАДОТ ЧРЕШЧЕ



| Зборник | н.с. бр. 1 | Археологија | стр. 296 | Скопје 1995 |
| --- | --- | --- | --- | --- |

Скопје 1995

УДК. 904-03 : 75.023.16 (497.17)

*Никос Чаусидис*

# ОЛОВЕН АМУЛЕТ СО ИСПИШАНА МОЛИТВА ПРОТИВ "НЕЖИТ" ОД ГРАДОТ ЧРЕШЧЕ

Во текот на 1984 и 1985 година, во рамките на научно-истражувачкиот проект "Стари градови и тврдини во средно Повардарие" беше истражен локалитетот „Хисар", во долното течение на Брегалница. Сред површинскиот материјал собран од овој локалитет, се најде и предметот кој е тема на овој текст - оловна плочка со старословенски натпис.[1] Со оглед на реткоста на наодот (барем во нашата средина) и на документарната вредност што во себе ја носи, си поставивме за цел да го презентираме пред научната јавност. Во овој напис ќе го обработиме најпрво како археолошки наод и како предмет кој бара специфичен музеолошко - конзерваторски пристап, а потоа, во согласност со можностите, ќе пристапиме кон основните формални и содржински информации што ни ги нуди самиот натпис. На крајот ќе се задржиме на магиско-религискиот карактер на неговата содржина и на основниот митски лик кој се спомнува во него.

## ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА НАОЃАЛИШТЕТО (Сл. 1)

Локалитетот „Хисар се наоѓа неполни 2 км. југозападно од село Црешка, кај тромеѓето на општините Штип, Свети Николе и Неготино. Станува збор за осамена карпеста громада која од три страни е опфатена со коритото на Брегалница (Сл. 1). И денес, тука на површината се гледаат остатоци од бедеми, кои припаѓале на еден доцноантички опидум, што е потврдено со неколку пронајдени монети од IV до VI век. Во средниот век, источниот дел од акрополата на оваа утврдена населба бил обновен, изградени се нови траси на бедемот и една кула, со што на ова место никнал еден средновековен град (со површина од 1 хектар). Идентификацијата на овој град како Чрешче се заснова врз контекстот во кој тој се спомнува во писмените извори (заедно со градовите Велес, Штип и Ботун) и на релацијата со денешниот назив на блиското село Црешка. Средновековниот хоризонт на оваа населба, при рекогносцирањето е потврден со неколку површински наоди. Најраниот од нив е еден јазичест оков - украс за појасен ремен од посребрена бронза, датиран околу 800-та година и првите децении на IX век. Покрај бројните фрагменти на средновековна садова керамика со утилитана намена, заслужува да се спомне и една бронзена монета (скифат) од времето на Комнените (XII век). Фактите укажуваат на тоа дека градат егзистирал сè до доаѓањето на Турците.[2]

Откако ги поставивме територијалните и хронолошки рамки на наоѓалиштето, преминуваме на самиот наод.

---

[1] Овој проект е изведуван при Институтот за историја на уметноста со археологија (Филозофски факултет - Скопје), под раководство на др. Иван Микулчиќ. Резултатите од истражувањето на овој локалитет се публикувани: И. Микулчиќ, Градот Чрешче, Годишен зборник на филозофскиот факултет, 14 (40), 1987, Скопје, 149-160.

[2] За местоположбата на населбата: И. Микулчиќ, op. cit., 149 150; за доцноантичката фаза: 150-152; за средновековната фаза, за споменатите наоди и за убикацијата: 152-154, 156, 157.




Сл. 1. План на локалитетот „Хисар“, (според И. Микулчиќ).
Fig. 1. Map of the site "Hisar", (according to I. Mikulčić).

## ОПИС НА НАОДОТ (Сл. 2а, б, в)

Предметот претставува оловна плочка (дебела околу 1 мм.), која била излеана во вид на јазичеста лента со неправилни рабови (денес сочувана во должина од 73 мм и ширина од околу 20 мм. По впишувањето на натписот, таа била завиткана во ролна. Во таква состојба е и пронајдена, на јужните падини на локалитетот, под акрополата (Сл. 2 а)[3].

сл. 2а





0 1 2 cm

сл. 2б



Сл. 2. Оловна плочка со старословенски натпис: а) цртеж на наодот пред одвиткувањето; б) цртеж на внатрешната страна на плочката со натписот; в) фотографија на внатрешната страна на плочката.
Fig. 2. Lead plaque bearing an Old Slavic inscription: a) drawing of the find before its unwinding; b) drawing of the inner side of the plaque with the inscription; c) photograph of the inner side of the plaque.

[3] Поради својата неугледна надворешност, плочката го привлече нашето внимание и беше одвиткана дури значително време по наоѓањето и по публикувањето на другите наоди од овој локалитет.

Поради специфичноста на наодот и важноста на секој факт за следните проучувања, решивме да соопштиме некои податоци за состојбата во која е тој затекнат. Со оглед на можноста за откривање други такви наоди на нашите локалитети, ќе изнесеме и некои искуства, поврзани со неговиот третман.

## СТЕПЕН НА СОЧУВАНОСТ И ПРОЦЕС НА ОДВИТКУВАЊЕ

Уште при одвиткувањето на првиот слој од лентата, штом се појави натписот, се покажа за потребно, постапката да се продолжи на начин кој нема да доведе до негово оштетување. Постоеше опасност невнимателното одвиткување на крутата лента да доведе до нејзино пукање и кршење, а со тоа и оштетување на некои букви. Бидејќи загревањето на повисоки температури можеше да доведе до растопување и деформирање на површинскиот слој или отпаѓање на патинираниот слој, кој исто така содржи дел од буквите, омекнувањето на лентата беше извршено со континуирано загревање во жешка вода. И при ваквото внимателно отворање не можеше да се избегне појавата на неколку мали пукнатини и проширување на засеците од неколку букви, но ова не предизвика губење или промена на карактерот на знаците од натписот.

Поради изложеноста на атмосферските влијанија, а веројатно, пред тоа и хемискиот состав на почвата во која се наоѓал, предметот бил значително оштетен. Најголеми оштетувања претрпел десниот крај на плочката кој, како последен слој на ролната, бил најдиректно изложен на механичките и хемиски влијанија. Тие довеле до нагризување на рабовите и механичко отпаѓање на делови од плочката. Бидејќи внатрешната страна на овој дел од предметот била добро припиена на слоевите под неа, и натписот (на оние партии кои се сочувале) не се оштетил. Затоа, пак, левата страна на плочката, која го чинела почетокот на ролната, на надворешните услови била изложена со својата внатрешна страна. Поради тоа, површината на металот оксидирала со дебел слој окераста патина, (наместа со рапава лушпа), која ја сменила хемиската структура на површинскиот слој на металот и со тоа покрила и уништила дел од врежаниот натпис. Оттука, се покажа како нецелисходно нејзиното чистење со цел, под неа да се откријат исчезнатите букви. Поради директниот контакт со надворешните услови, оштетувања претрпеле и рабовите на лентата (особено горниот) и буквите впишани во таа зона.

На задната површина, која е исто така делумно покриена со патина, не се констатирани никакви траги на дополнителна обработка.

## ОСНОВНИ ФОРМАЛНИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА НАТПИСОТ

Набљудувањето на натписот покажува дека тој е изработен така што оловната плочка била излеана и потоа делумно оладена (до цврстина на омекнат восок) и на таква температура буквите биле пишувани со алатка, со врв во вид на игла.

Натписот се протега во значително заоблени редови, што било диктирано од аналогната форма на лентата, направена така случајно или можеби намерно, во сообразност со техниката на пишување. Квалитетот на буквите и правилноста на нивниот распоред не се уедначени. На левата страна, тие се послабо оформени, редовите не се почитуваат доволно, на средината се најдобри, најкрупни и со правилен интервал,

додека колку што се оди кон десно, квалитетот пак се намалува.[4] Фактот што во овој дел и интервалот меѓу буквите се смалува, треба да укажува на немањето доволно простор за сместување на предвидените зборови. Со оглед на насочуваноста на овој, десен раб на плочката, овој факт посредно укажува на тоа дека денес, од него и од натписот недостига релативно мал дел.

Натписот се протега во пет реда. Доказ дека над и под овие редови немало други, од една страна, се релативно добро сочуваниот горен раб на плочката, кој не покажува траги на откршување, и од друга, петтиот ред на натписот, кој поради близината на долниот раб и недостигот од простор е испишан со многу помали букви, вглавени во интервалите помеѓу буквите од четвртиот ред.

## БУКВИ (Сл. 3)

Во натписот идентификувавме 23 букви од старослвоенската азбука. Притоа, неколку букви, поради оштетеноста, останаа неидентификувани.

Застапеноста на вокалите е во следниот обем:

Од редуцираните е употребен само „ь" (7 пати), додека „ъ" недостига. Кратките се комплетно присутни: „о" (8 пати), „ѡ" (2 пати) и „є" (7 пати). Од долгите вокали, значајно е да се одбележи специфичната форма на „а" (присутно 8 пати), потоа отсуството на „ы" и особено на назалните вокали. „и" е присутно 8 пати („і" само еднаш), а „ѣ" шестпати. „ү" се јавува само во формата „ȣ" и тоа 3 пати. Слоговорните сонанти се присутни само еднаш („ль"). Исто така еднаш е застапена и „ю".

Состојбата со консонантите е следната:

Од експлозивните, сосем отсуствуваат усните („п" и „б") и палаталните преднонепчени („шт", „жд"). Состојбата со другите експлозивни е следна: од непалаталните преднонепчени „т" се јавува 4 пати, а „д" 7 пати; Од заднонепчените велари е застапено само „к" (двапати), додека „г" и палатализираните форми отсуствуваат.

Од африкантите се јавува само „ц" и тоа еднаш, додека „ч" и „ѕ" отсуствуваат.

Усните спиранти се застапени само со „в", 7 пати (со специфичен облик, во вид на квадрат), додека „ф" отсуствува. Од непалаталните преднонепчени спиранти се јавува само „с" (6 пати), додека „з" отсуствува. Од палаталните, „ж" присустно 2 пати, а „ш" еднаш. „χ" се јавува двапати.

Од назалните, „м" се јавува само еднаш, а „н" 7 пати.

Од ликвидите, „ρ" е застапено 5 патии, додека „л" 4 пати.

Застапеноста и отсуството на одредени знаци би можело да упатува на хронолошкото или јазичкото определување на натписот. Индикативно е отсуството на назалните вокали („ѧ", „ѫ") и на експлозивните преднонепчени палатални консонанти („шт" и „жд"). Но, во оваа смисла не можат да се изведуваат никакви заклучоци, сè додека не се докаже дека нивното отсуство во текстот не е последица на тоа што не ни можеле да бидат содржани во напишаните зборови.

Зборовите во натписот не се одвоени со интервал или друга соодветна ознака, што ги условува и најголемите проблеми околу неговото читање. Оттука, во првата фаза на истражувањето можеа да се прочитаат асмо неколку зборови: „нєжить", „дадє", „ѡловȣ", „ѡлово", „водѣ", „вода", „χȣлю", „ροсѣ", „ροса", „сльнцȣ", „нєжить", „міρинє"

[4] Ако се земе предвид дека плочката, за време на пишувањето морала да биде загреана (што значи да стои на жешка подлога), тогаш дланката морала да лебди над подлогата, што мора да влијаело врз квалитетот на буквите, нивниот распоред и искривеноста на редовите.




Сл. 3. Табела на идентификуваните букви, застапени на натписот.
Fig. 3. Table of the letters deciphred from the inscription.

## СОДРЖИНА НА НАТПИСОТ

Клуч за проникнување во содржината на натписот беше зборот „нєжить“ кој го привлече нашето внимание, покрај другото и поради тоа што се јавува во два наврата, на почетокот и на крајот од натписот.

Терминот „нєжить“ во идентична или слична форма се јавува во неколку словенски јазици, каде што главно носи исто значење. Во бугарскиот „нежитъ“ означува натприродно невидливо суштество, за кое народот верувал дека скита од едно место до друго. Некаде се верувало дека тоа е вампир, кој лутал низ куќата, ги напаѓа луѓето додека спијат, им ги смука мозоците и прави да бидат обземени од болест.[5] Во рускиот јазик и пошироко, кај Источните Словени, „нєжить“ е митско суштество, со демонски карактеристики, слично на вештерка, русалка, леший и ѓавол.[6] Во одделни хрватски (и српски) говори „нежит“ (некаде „nežić“, „nežid“, „neždovična“) означува тешка болест (пламеник, некаде црн пришт) која не му дава на човека да живее; ја напаѓа главата или челадта.[7] Во српскиот јазик тоа е, пред сè, зол дух кој се вовлекува во човековото тело и го нагризува, така што тој ниту живее ниту умира.[8] Во чешкиот, „nežit“, nežid“ означува пришт, а во полскиот јазик „niezyt“, „niezyd“ значи кивавица, настинка и катар.[9]

Од овис факти може да се заклучи дека во словенската традиција (веројатно уште пред христијанизацијата) постоело митско суштество, во чиј лик биле персонализирани болестите (воопшто или некои видови) и други недефинирани „зли сили“ кои го напаѓаат човекот.

Во средновековните пишани извори (XVI-XVII в.) и во усната фолклорна традиција, покрај преданијата од кои дознаваме за некои особености на овој демон, се сочувани и магиски формули и молитви за одбрана од него и за негово елиминирање од човековото тело. Една таква молитва, во голем дел соодветствува со текстот на плочката од Чрешче. Меѓусебното споредување на овие два текста ни овозможи, речиси во целос да го прочитаме нашиот натпис, и покрај неговата нечитливост и фрагментарност.

Спомнатата молитва, заедно со други такви, предвидени за иста намена, се наоѓа во рамките на еден требник од XVII век, кој во 1923 година бил евидентиран во Народната библиотека во Софија. Во библиотеката тој дошол од Г. Ораховица. За нас е особено важно, што авторот кој го публикува, смета дека овој ракопис, според некои белешки и особености на самиот текст, е пишуван и употребуван во Македонија.[10]

---

[5] Н. Геров, Речник на българския език. 1977 София. (Покрај ова, поимот означува и вид болест која ги напаѓа нештата на забите); И. Георгиева, Българска народна митология, 1983, София, 169, 170.

[6] С. И. Ожегов, Словарь русского язык, Москва, 1973; И. Георгиева, op.cit., 170; (покрај ова, поимот означува и беден, чемерен живот).

[7] Rijecnik hrvatskoga ili srpskoga jezika.

[8] Српски митолошки речник, 1970, Београд, 210.

[9] Rjecnik hrv. ili srp. j., vidi: „nežit“; D. Nessen, R. Stypula, Wielki slownik polsko - rosyjski, 1967, Warszawa - Moskva.

[10] Б. Цонев, Опис на Славянските ръкописи в Софиската народна библиотека, 1923, София, 132–138; Молитви против „нєжитъ“ се наоѓаат и во еден друг ракопис (овојпат зборник на апокрифни молитви од XVII век) од истата библиотека (види: Истиот, Описъ на ръкописни и старопечатните книги на Народната библиотека въ София, 1910, София, 175).

Ја приложуваме овде целата молитва:

„Ӑда́мь і́мее нежі́ть. Йди Ӑда́мь і да́сть Ёве, Ёва ѿло́в8, ѿло́во мо́р8, мо́ре вльнамь, вльни кра́еви, кра́и пе́ск8, песо́кь тра́ве, тра́ва росе, ро́са сл҃нц8. Сл҃нце вьсїа́в'ш8 і̂сьше ро́са. Та́ко да исьх'неть нежі́ть ѿ ра́ба бж҃їа, вь і́ме о҃ца і с҃на і ст҃го д҃ха і н҃нѣ і пр҃но і вь вѣ́кві вѣ́ко҃."

Ги донесуваме сега напоредно (ред по ред) дватга текста. Во горниот ред е молитвата од споменатиот требник, а во долниот - натписот на плочката од Чрешче:

Адамь имее нежить. Иди Адамь и дасть Еве, Ева
............ѣ нежить иднь и даде .вьке...
ѡлов8, ѡлово мор8, море вльнамь, вльни краеви, краи песк8, песокь
аде ѡлов8, ѡлово водѣ вода х8лю и кра...
траве, трава росе, роса сл҃нц8. Сл҃нце вьсіав'ш8 исьше роса.
авѣ трѣвѣ росѣ роса сльньц8 исьш...
Тако да сьх҃неть нежить ѡт раба бж҃іа, вь име оца и с҃на и ст҃го
та.о да исхене нежить н...
д҃ха и н҃нѣ и пр҃но и вь вѣкві ѕ҇ѣко'."
мірине

Дури едно вакво напоредно читање на обата текста ни овозможи, најпрво да го прочитаме целиот текст од нашата плочка, а потоа и да предложиме реконструкција на некои нечитливи или загубени делови од него:[11]

[адамь име]ѣ нежить иднь и даде евьке е[вька д]
аде ѡлов8 ѡлово водѣ вода х8лю и кра[ю краі тр]
авѣ трѣвѣ росѣ роса сльньц8 исьш[е сльньцѣ рос8]
та[к]о да исхене нежить н[а ...........]
мірине

Со голема веројатност може да се претпостави дека најголемиот изгубен дел од натписот, во долниот десен дел на плочката ја содржел сентинцијата „раба божија" (секако во соодветната падежна форма) која се однесувала на последниот збор од текстот – името Мирина, запишан во падежна форма како „мірине".

За да се разбере содржината на натписот од Чрешче, сметаме дека е неопходно да навлеземе подлабоко во карактерот на митскиот лик нежит. Тоа ни го овозможуваат средновековните ракописи и усните фолклорни традиции.

Во споменатиот требник, како и во други слични ракописи, се наведени неколку преданија во кои се говори за борбата на христијанските светители со овој демон. Во еден од нив се говори како Исус, симнувајќи се од небото го сретнал нежита и го запрашал каде оди. Овој му одговорил дека оди во човековата глава „...мозг исмрцати, з8би ськроушити, челюсти сломити, оуши ѡгл8шити, очи ѡслепити, оуста оукривити, нось оуг8гнити, главе болѣзнь днь и нощь." Исус го тера да се врати, да оди во горага и да влезе во главата на еленот и овенот и таму да престојува сè до крајот на небото и земјата. На крајот, го заколнува со следните зборови: „И тебѣ бесов'ни нежите, началниче всакоıм8 нед8гоу, заклинаю те, нежите, ѡтиди ѡт раба бжіа іме вь име оца и сн'а и ст'го (доуха)."[12]

[11] Треба да се напомне дека на левиот крај од натписот на нашата плочка, меѓу првиот и вториот ред се наоѓа знак кој би можел да се протолкува единствено како крст, чие присуство на почетокот од ваквите натписи е вообичаено.

[12] Б. Цонев, 1923, 133; И. Георгиева, op. cit., 169.

Потоа следуваат слични варијанти во кои нежиот се сретнува со архангел Гаврил, Кузман и Дамјан и Јован Крстител.[13] Освен овие преданија, во кои е доминантен христијанскиот стил на нарација, се сретнуваат и такви, кои повеќе имаат карактер на заклетви, и басни со евидентен предхристијански магиски карактер. Во нив се прикажува постепеното отстапување и растопување на нежиот. Во едно такво предание се говори како нежит паднал од небо, како слепите пастири го виделе, го гонеле без нозе, го фатиле без раце, без јаже го врзале и без нож го заклале. Излезе нажит од коските во месото, од месото во влакната и така се растопи како сол во вода...[14] Во едно друго предание е прикажано жилавото опстојување на овој демон, пред силата на архангел Гаврил. Откако Гаврил го тера од човековата глава во водата, нежит вели дека од водата ќе влезе во рибата, од рибата во тревата, од неа во свинската муцка; откако неа ќе ја изеде човекот, тој пак ќе влезе во него.[15]

Магиски формули за борба против овој демон сѐ сочувани и во усната фолклорна традиција, во форма на басни. За разлика од прикажаните текстови, проследени со терминологија и ликови со христијански карактер, тука доминираат ликови и симболи од народната митологија и вулгарни термини кои се неспоиви со христијанските традиции. Токму овие елементи најмногу укажуваат на предхристијанскиот карактер на нежитот и на неговото секундарно втопување во христијанскиот митско-религиски систем. Значајно е што во една од нив, овој демон се јавува во множина:

Изласте, нежити, изласте
из (Јовину) главу.
у (Јовину) глану сте војевали,
немој више туј да седите.
Да идете на голему ливаду,
там има крушка самовилска,
у крушку бело цедило,
у цедило бела погача,
и вино и раћија.
Туј да идете,
да једете и пијете,
там да уживате.
у (Јовину) главу сте војевали,
превојевали,
омршена она и огалатена
и нечиста,
немој више туј да седите.
Там да идете, там да будујете,
там да пребудујете,
да пијете вино и раћију,
да једете беле погаче,
и у крушку има љуљћа самовилска

---

[13] Б. Цонев, 1923, 133; И. Георгиева, op. cit., 169; ги наоѓаме и на друго место (Српски митолошки речник, 1970, Београд, 210.).

[14] Б. Цонев, 1923, 135.

[15] Српски мит. р. 210; Љ. Раденковић, Народне басме и бајање, 1982, Ниш, 49.

да си децу понишете.
На (Јову) на живот и на здравје,
да спи као јагње
да полети како пиле.[16]

Во една друга басна, името на нежит се јавува во деминутивна форма:

Нежитуле, врбануле,
не крши са, не бружди са,
кото мома ваф монците,
кото петел фаф кокошките,
с џурлек та ишчуркам,
с вретено та исбушвам,
с лајно та испуштам.[17]

Од прикажаните средновековни и фолклорни примери се гледа дека основниот начин на елиминација на демонот нежит од заболениот човек, е тој да се протера од неговото тело (од коските, преку месото до влакната и изметот), и тоа во: други суштества (животни, растенија) или во делови на околната природа (во водата, горага) кои се далеку од човекот. При тоа, во некои случаи доаѓа до негово ранување или уништување (со разни орудија, со силата на христијанските светители...).

Дури сега, согледувајќи ја содржината на натписот на оловната плочка од Чрешче во контекст со прикажаните примери, стануваат јасни нејзиниот магиски карактер и механизмот на дејствување.

Почетокот на формулата е ставен во космогониска атмосфера. Прв што е нападнат од нежит е првиот човек-Адам, кој демонот го пренесува на првата жена - Ева (во нашиот натпис Евка). Очигледно е дека заболениот за кого била напишана формулата од нашата плочка (веројатно Мирина) е ставена во симболичка релација со овие митски пралуѓе. Следниот предмет на кој Ева го пренесува нежитот е оловото, што треба да значи дека и во нашиот случај, заболената Мирина него симболично го пренела на оваа оловна плочка. Потоа, според врежаниот натпис следуваат: водата, натаму за нас сè уште непознати зборови „холю“, „кра(і)“ (веројатно во значење на свиња и брег), тревата и росата. Значајно е што во овој случај нежитот не е само протеран, туку и уништен (исушен) од сонцето. Овој космички елемент тука се јавува на местото на христијанските светители, во функција на сила која се бори против злото. Овој детаљ од натписот го отсликува претхристијанскиот слој на оваа митска претстава.

Митот за борбата помеѓу небесното и хтонското божество е релативно добро сочуван во словенската традиција. Неговите почетоци се евидентирани во средновековните извори, а генезата се поставува во прасловенскиот и предсловенски период, на што укажуваат споредбите со други аналогни индоевропски митови. Според предложените реконструкции, базирани врз средновековните извори, примерите од словенскиот фолклор и топонимијата, небесниот лик во овој мит, изворно бил застапен низ громовникот Перун, небесното или соларното божество (Белобог, Вид, Дажбог...), додека хтонскиот, низ хтонското божество (Волос, Велес, Црнобог...). Со христи-

---

[16] Љ. Раденовић, op. cit., 49, 50.

[17] Љ. Раденовић, op. cit., 50. (оваа, како и претходната басна се по потекло од подрачјето на Србија).

јанизацијата, на местото на небесно - соларните божества, ќе застанат христијанските светители, додека хтонскиот ќе го замени ѓаволот со една од своите хипостази.[18]

Парадигмата на овој старословенски мит најдобро ја отсликуваат белоруските приказни и некои стари литовски текстови во кои богот Перун т.е. во конкретните примери Пјарун и Перкунас (или пак некој друг лик што ги застапува) се кара со својот митски опонент кој носи хтонски и негативни одлики. Тој му вели: „Јас ќе те убијам“. Овој му одговара: „Како ли ќе ме убиеш? Па јас ќе се сокријам!“ - „Каде? – „Под човекот!“ - „Јас ќе го убијам човекот - и тебе ќе те убијам“. - „А јас ќе се сокријам под коњот!“ - „Тогаш јас и коњот ќе го убијам - и тебе ќе те убијам!“ - „А јас под кравата ќе се сокријам!“ - „Јас и кравата ќе ја убијам - и тебе ќе те убијам! - „А јас под дрво ќе се скријам: таму нема да ме убиеш“. - „Јас и каменот ќе го столчам и ќе те убијам“. - „Тогаш, пак, ќе се скријам во водата“ - „Е таму и ти е местото, таму и остани“.[19]

Трагите на овој мит ги наоѓаме и во јужнословенските традиции. Станува збор за една народна песна што ја наведува Натко Нодило кога говори за словенскиот Перун.

Перуника крајем мора расла,
туд пролазе Павлови сватови,
сви сватови перунику беру,
ал не бере Павле господине...
паде искра на седло кумово,
искра паде, седло се распаде,
и под седлом добар коњиц црче,
и под коњем трава се осуши,
и под травом земља се распаде.[20]

Иако станува збор за песна која го загубила своето некогашно митско значење, во неа се присутни елементите кои се од интерес за нашето проучување. Основната поента јасно се разоткрива: Сватовите на Павле берат перуники. Бидејќи Павле тоа не го прави односно не се придржува на овој обичај, од небо паѓа „искра“ т.е. молња и удира во седлото на неговиот кум. Потоа следи формата специфична за нашиот мит - етапното опишување на објектите кои ќе бидат уништени од молњата. Ликот кој стои зад ова деструктивно дејство на молњата, во песната директно не се спомнува, но сосем основано може да се тврди дека тоа е громовникот Перун во чија чест требале да се берат цветовите кои го носат неговото име.

Во натписот од Чрешче е сочувано изворното име само на хтонскиот митски лик (нежит), кој може да се протолкува како специфична хипостаза на некогашното хтонско божество (а во втората, христијанска фаза и на ѓаволот), која го отсликува како противник на животот и предизвикувач на болестите. Особено е важно што во нашите примери е сочуван основниот принцип на нивната меѓусебна борба: под нападите на небесниот лик, хтонскиот постепено се повлекува од човекот и космичките елементи,

---

[18] За реконструкцијата на овој мит: В. В. Иванов, В. Н. Топоров, Исследования в области славянских древностей, 1974, Москва, 4-164. R. Katičić, Nachlese zum urslawischen Mythos vom zweikampf des Donnergottes mit dem Drachen, Wiener Slawistisches Jahrbruch, 34, 1988, 57-75. За трагите на Балканот и посебно во Македонија: Н. Чаусидис, Митските слики на Јужните Словени, 1994, Скопје (поглавје за сликите на машкиот принцип).

[19] В. В. Иванов, В. Н. Топоров, op. cit., 5.

[20] N. Nodilo, Stara vjera Srba i Hrvata, 1981, Split, 384.

се додека не биде уништен или протеран од овој свет во хтонските предели (односно водата и подземјето).

## - КАРАКТЕР И НАМЕНА НА ПРЕДМЕТОТ

Евидентно е дека содржината на натписот го диктира и решението на неговиот карактер и намена. Засега, во таа смисла се наметнуваат две можности. Ако магиската намена на плочката претставува доследно применување на митската содржина испишана на неа, тогаш треба да се очекува дека таа, по испишувањето и завиткувањето била ставена во вода, оставена на сонце или можеби едноставно фрлена. Според втората можност, плочката, содржејќи ја на себе магиската формула, го заменувала нејзиното често вербално повторување. Сметаме дека, за да ја остварува оваа функција, таа морала да биде постојано присутна покрај болниот. Оттука постои можност, таа да била нанижана на врвка и носена на гуша, на некој друг дел од телото или вшиена, во облеката.

Во оваа смисла е значаен и фактот што, во спомнатиот требник од Г. Ораховица, покрај молитвата која ни послужи како предлошка за читање на нашиот наод, стоеше јасна препорака: „Сію мл'тв8 пиши ни ѡлово".[21] Тоа е доказ повеќе дека нашиот пример не е исклучок, туку трага на вообичаената практика, молитви од таков вид да се запишуваат на олово. Да потсетиме дека таквата практика била и сѐ уште е распространета низ светот.[22]

Како директни аналогии за наодот од Цреш̌че можат да се земат плочките од Бугарија (Дръстър и Одърци) датирани во X век. Постарите, антички примери од овие подрачја (помасивни оловни и калајни плочки со впишани натписи), покажуваат само едно, дека нашиот наодот е плод на милениумската традиција на пишување на олово, во овој дел од светот.[23]

Во смисла на формата на предметот (занемарувајќи ја неговата функција и материјалот) ни се чини соодветна релацијата со т.н.р. „берестеные грамоты" натписи врз ленти направени од горниот дел на брезовата кора, откриени во голем број при археолошките ископувања на средновековните градови во северните делови на Русија (особено во Новгород). Овие предмети се тука концентрирани само поради тоа што специфичните почвени услови (со изобилна влага) овозможиле да се сочуваат до денес. Служеле за најразновидно секојдневно допишување помеѓу луѓето, водење секаква евиденција и означување на сопственоста на разни предмети.[24] Овој факт покажува дека ваквите натписи биле употребувани и во другите подрачја на Русија, па и на

-------------

[21] Б. Цонев, 1923, 135.

[22] Бројни примери на такви амулети (од метал, листови од органски материјали) со испишани магиски формули и молитви, види: E. A. Volis Badž, Amajlije i talismani, 1988, Beograd.

[23] Податоците за средновековните аналогии ги добивме по оформувањето на овој текст (види: Л. Дончева-Петкова, К. Попконстантинов, за грамотноста в средновековното селище при с. Одърци, Толбухинско, Добруджа, 5, 1988, Варна, 93-100; К. Попконстантинов, В. Константинова, Оловни амулети од X век с молитви против болести, (статија во зборникот „Международна здравна фондация „Св. Пантелеимон", София, 54-57.

Оловни плочки од хеленистичкиот период, со впишани лични имиња, се откирени во Демир Капија. Служеле за означување на сопственоста на одреден предмет или добиток, на кои биле прицврстени со врвка. Слични антички наоди се познати и од Атина. (за ова, види: В. Битракова Грозданова, Споменици од хеленистичкиот период во СР Македонија, 1987, Скопје, 108, Т. I /9, Т. III / 2а, 2б.

[24] Примери, види: А. В. Арциховский, В. И. Борковский, Новгородские грамоты на бересте (Из раскопок 1956-1957 г.), 1963, Москва; В. Л. Янин, Открытие мастерской художника XII века в Новгороде, во: Древний Новгород - история искуство археология, 1983, Москва, 100-103.

Балканот, иако, поради неповолните климатски услови, тука не се пронајдени. Примероците на оловни ленти со средновековни старословенски натписи, по форма сосем соодветни на нашата, откриени на подрачјето на Русија, како да укажуваат на паралелната егзистенција на обата материјала и нивната меѓусебна неисклучивост.[25] Врската на нашата плочка со брезовите ленти ја покажува и сличниот облик на буквите, кој секако се должи на сличната технологија на пишување, со алатка во вид на игла, којашто барала посилно притискање по површината.

Можеме да претпоставиме дека, во нашиот случај, оловото не било избрано како материјал само заради своите практични својства (мека структура, еластичност, отпорност на влага, трајност) туку и заради магиските својства кои биле проицирани во него.[26]

Претходните анализи ни понудија бројни факти за содржината, карактерот и намената на наодот од Чрешче. Важен и непобитен е заклучокот дека натписот е старословенски, како според писмото така и според јазикот, дека претставува молитва, поточно магиска формула за заштита на носителот од болеста т.е. демонот, персонализиран во ликот на нежит. Треба да се одбележи дека со ова, плочката од Чрешче, покрај другото, добива и карактер на првостепен документ кој сведочи за тоа дека верувањата и магиските постапки поврзани со овој општословенски митски лик, во средниот век биле присутни и на подрачјето на Македонија.

Но, и покрај сè, бројни прашања сè уште остануваат неразјаснети. Се надеваме дека резултатите на нашите проучувања ќе бидат доволни да ги заинтригираат компетентните научници (особено проучувачите на старословенскиот јазик, епиграфика, литература...) попродлабочено да му пристапат на овој наод од свој аспект. Дури тогаш ќе може поаргументирано да се говори за епиграфските, граматичките, потесните јазички особености на натписот и, секако, за неговата поточна хронолошка припадност.[27]

Како еден од ретките, а можеби и прв ваков наод кај нас, оловната плочка од Чрешче укажува на категорија споменици кои би можеле во значителен обем да ги збогатат научните сознанија со изворни пишани податоци за нашата средновековна историја, јазик и култура. Фактите што ги презентиравме покажуваат дека вакви наоди, во не толку мал број треба да очекуваме на нашите археолошки локалитети, а можеби и во постојниот студиски материјал по музејските депоа, каде што, поради својата неугледна надворешност, сè уште лежат неидентификувани, неодвиткани и непрочитани.

---

[25] А. В. Арциховский, В. И. Борковский, н.д., 154-155; Советская археология, 1960 / 1, Москва, 235.

[26] За магиското значење на оловото: Српски мит. р., 223; J. Chevalier, A. Gheerbrant, Rječnik simbola, 1987, Zagreb.

[27] Иако одделни опсервации на специјалистите укажуваат на периодот од XIII век до доаѓањето на Турците, плочката од Чрешче, во оваа фаза можеме да ја датираме широко во периодот во кој егзистирал и градот на кој е откриена: од раниот до доцниот среден век.

Nikos Čausidis

# LEAD AMULЀT WITH AN INSCIBED PRAYER AGAINST "NEZHIT" FROM THE CITY OF CREŠČE

Summary

The lead plaque-amulet bearing on Old Slavic inscription has been discovered at the site of "Hisar" near the vilage Creška in the Lower Bregalnica, where the mediaeval town Crešče is located. After inscribing the letters, the plaque must have been folded in a scroll. In that postion, rather damaged, it has been discovered as surface find. Because of the damage and some untypical features, we managed to read and reconstruct the inscription starting from the term "nezhit" mentioned in it. In a Gospel book from Macedonia (now in the National Library in Sofia) dated to the 17th century, a payer is written with almost identical content. The prayer was intended for protection from disease, personified in the character of the demon "nezhit" and it is particularly important that it is recommended to be written in lead, which makes it more efficient. By comparison of the inscription from Crešče with this prayer, we realize that the essence of our text is also the transmission of the demon "nezhit" from one place to another, i.e., from Adam's body into Eve's, and from her body into the lead, after that into the water and the shore, therefrom into the grass, and finally in the dew and the sun. At the end of the prayer, the sun destroys the "nezhit" by drying it up.

Both the nature of the inscription, and the features of the plaque on which it has been written, point to two possibilities: the plaque must have been either carried on the body and robes, or thrown away in ritual after being inscribed.

Finally, we give consideration of the mythical "nezhit". A demonic character is in question, an incarnation of the evil and various specific diseases, which is known trom the traditions of almost all Slavic nations. In addition to the aforesaid prayer, the South Slavs have preserved other variants in which the nature of "nezhit" is described, as well as his fight with different Christian saints. It is especially interesting that in the folklore of South Slavic nations some fables have been preserved, showing the older, pre-Christian, i.e., pagan -Slavic chracter of this demon.